# ЕТИЧКИ КОДЕКС
# НА
# ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
# СКОПЈЕ

**Скопје, 30.12.2019 година**

ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
Бр. 03-1204/1
31.12 2019 год.
СКОПЈЕ 1

Врз основа на чл. 21 од Законот за високото образование („Службен весник на РМ бр.82/2018") Универзитетскиот сенат, на 82-та седница одржана на ден 30.12.2019 година, го усвои следниот:

# ЕТИЧКИ КОДЕКС
## НА
## ЕВРОПСКИОТ УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ

Моралот е трајна вредност на секоја човечка заедница и еден од темелите на економско развиените демократски општества.

Поаѓајќи од фактот дека јасните морални принципи претставуваат основа на научно-истражувачката и образовната работа и имаат исклучително значење за успешноста на секоја високообразовна институција, академската заедница донесе Етички кодекс (во понатамошниот текст: Кодекс) на Европскиот Универзитет Скопје (во понатамошниот текст: Универзитет).

**Општи напомени**

**Член 1**

Овој Кодекс пропишува збир на правила, должности и права на членовите на академската заедница, односно етички начела, на кои треба да се придржуваат сите наставници, соработници и истражувачи, кои вршат наставна, уметничко-наставна и научно-истраживачка дејност во рамките на Универзитетот.

Правилата и начелата на Кодексот се засновани на специфичниот вид работни задачи кои ги вршат наставниците, соработниците и истражувачите и неопходноста за остварување висок степен на професионална и морална одговорност.

**Член 2**

Основните постулати на Кодексот се:

- професионална слобода, односно морална и интелектуална независност од политички авторитет и економска моќ од кој било вид;
- слобода на говорот, мислењето и истражувањето;
- дијалог и толеранција во однос на туѓите ставови и мислења;
- меѓусебно уважување, почитување и помагање во наставните, научните и научно-истраживачките работи;
- објективност и непристрасност во оцена на туѓата работа и резултати;

- личен дигнитет, самопочитување и авторитет;
- осуда на негативните појави, посебно непрофесионалност, неодговорност, корупција, мито и сите други облици на неморал;
- правичност и избегнување конфликт на интереси;
- право на информации низ посебно почитување на приватноста и доверливоста на изворот на информација;
- почитување на туѓите научни и истражувачки резултати;
- обврска да не се присвојуваат туѓи резултати и признанија;
- обврска непрекинато да се работи на стручното и научно усовршување;
- обврска да се прифати менторство кон другите, посебно младите кои припаѓаат на академската заедница.

**Член 3**

Со прифаќањето на Кодексот, вработените се обврзуваат доследно да ги почитуваат пропишаните етички начела, во насока на обезбедување и заштита на интересот на Универзитетот, личниот углед и достоинство, угледот и достоинството на студентите и останатите со кои соработуваат.

Поради фактот што ниту еден Кодекс на однесување не може да го предвиди и опфати секое деловно сценарио или да ги одреди сите елементи на прифатливо однесување, доброто деловно расудување и здравиот разум се најдобар водич во случаи кога овој Кодекс нема опфатено одредено прашање или околност.

Етичкото однесување треба да произлегува од личната посветеност на етичките принципи и од желбата секогаш да се настапува со морален интегритет. Премисите на кои е фундиран ваквиот приод само ќе придонесат за поголема хуманост и правичност во работата и поставување на високо морална работна култура.

**Однос кон професијата**

**Член 4**

Наставниците, асистентите и истражувачите се слободни и одговорни во својата работа, тежнеат кон интелектуална и духовна слобода, како и етичко извршување на работните обврски. Притоа се должни да:

- го унапредуваат своето знаење и компетенции, во скалад со највисоките стандарди на современата наука и образовниот процес;
- ја промовираат академската слобода и автономијата на Универзитетот како институција;
- правично да ги користат добиените знаења, да ги шират и пренесуваат.

**Член 5**

Професионалната слобода не може да биде оправдување за повреда на основните права на човекот, правата и достоинството на другите наставници, студенти, колеги и други граѓани.

Имајќи го предвид фактот дека наставата и слободата во истражувањето се примарни вредности во универзитетскиот живот, наставниците, соработниците и истражувачите

треба да се однесуваат според начелата на академската и професионална слобода, етичката и интелектуалната одговорност, негувајќи ги вредностите на дивергентноста во мислењето и личната иницијатива.

**Член 6**

Наставниците, соработниците и истражувачите во својата работа и делување се должни да ги почитуваат принципите на научната вистина и критичност, застапувајќи ги со својот авторитет и позитивните академски вредности кои ги пренесуваат на пошироката академска заедница.

Ваквиот приод придонесува овие вредности да претставуваат фундамент за заштитата на угледот на Универзитетот.

**Член 7**

Наставниците, соработниците и истражувачите се должни да ги промовираат хуманистичките принципи, развојот на интелектуалните вештини и да ја штитат честа на професијата, преку промовирање на слободата на наставната и на научно-истражувачката работа.

Наставната и истражувачката дејност мора да биде интелектуално независна од секаков вид на притисоци од одредени центри на политичка и економска моќ.

Наставниците, соработниците и истражувачите, како поединци - членови на академската заедница се должни да покренат расправа за одредена тема доколку оценат дека од нив се бара делување кое е во спротивност со етичките начела или нивните лични, научни и интелектуални уверувања.

## Однос кон студентите

**Член 8**

Наставниците, соработниците и истражувачите треба да го поттикнуваат слободниот, одговорен и сериозен пристап кон студирањето. Нивна обврска е во пренесувањето на знаењето да ги применува највисоките научни, стручни, професионални и етички стандарди.

**Член 9**

Наставниците, соработниците и истражувачите треба да ги водат студентите во процесот на образование, односно студирање, како нивни советници и ментори, одговорни за воспоставување меѓусебно уважување и доверба во односите со студентите, низ почитување на нивната личност и нивните слободи и права.

**Член 10**

Наставниците, соработниците и истражувачите треба да ги поттикнуваат своите студенти на слободен и сериозен пристап во стекнувањето на нови знаења по предметните научни дисциплини, применувајќи ги најдобрите, професионални и стручни стандарди во наставниот процес.

Тие се должни во следењето на работата и оценувањето на студентите да применат објективни, проверени и изедначени критериуми, да користат параметри, исклучиво релевантни за оценувањето, односно искажаното знаење, изнесените факти, разбирање на материјата, стекантите вештини и покажаната

способност студентот истите да ги примени во пракса.

**Член 11**

Наставниците, соработницте и истражувачите своите барања мора да ги прилагодат на средствата, литературата и методите кои ќе бидат достапни на студентите во текот на студирањето или истражувачката работа. Тие треба да се спротивстават на секаков вид интервенции кои ќе влијаат на објективноста и во таа насока негативно ќе се рефлектираат на вреднувањето и оценувањето на трудот на студентите

„Позитивната дискриминација“ е допуштена во оценувањето само доколку претставува помош за студентот во наставниот процес. Во вакви ситуации мораат да се применуваат однапред прифатени стандарди.

**Член 12**

Со цел остварување професионален и морален однос на наставникот кон студентите, забрането е:

- провоцирање,
- дискриминирање,
- недолично однесување,
- навредување на достоинството на студентите и
- злоупотреба од кој било друг вид.

**Однос кон колегите**

**Член 13**

Колегијалните односи се засноваат на:

- меѓусебно лично и професионално уважување,
- разбирање за лични и професионалн дилеми и проблеми,
- солидарност и
- заедничко формулирање и остварување на специфичните проблеми и интереси на сите членови на академската заедница.

**Член 14**

Членовите на академската заедница се должни да разменуваат идеи и да ги уважуваат туѓите легитимни мислења и ставови.

Во колегијалните расправи за научни и истражувачки проблеми можат да се спротиставуваат само научни, стручни и професионални аргументи.

**Член 15**

Објективноста мора да биде единствениот критериум за вреднување на резултатите на друг наставник или соработник.

На соработниците мора да им се пружи неопходната помош во научната работа и напредување, без пристрасност и низ почитување на нивната творечка слобода и основните слободи и права.

**Член 16**

Наставниците, соработниците и истражувачите имаат право да учествуваат во работата на органите на управување на Универзитетот и неговите единици, како и да учествуваат во воннаставни активности, односно да прифатат обврска за вакво учество, доколку тоа е предвидено со Законот за високо образование и Статутот на Универзитетот.

**Однос кон институцијата**

**Член 17**

Наставниците, соработниците и истражувачите се должни со своето однесување и професионално ангажирање да го чуваат интегритетот на Универзитетот и сите негови институции, работејќи врз основ на своето најдобро знаење, совесно и посветено, како и да воспоставуваат професионален однос со поединци или институции, низ почитување на правилата на пристојноста, моралот и доброто однесување.

**Член 18**

Наставниците, соработниците и истражувачите се должни да ја почитуваат структурата на академската институција, хиерархијата на академските звања, овластените поединци и органите во институцијата. При тоа се слободни аргументирано да ја критикуваат структурата, организацијата и начинот на работа на институцијата, работата на органи или на поединци, како и да предлагаат промени на правилата на кои институцијата почива.

**Член 19**

Наставниците, соработниците и истражувачите се должни ангажманите, карактерот и обемот на обврските, надвор од својата академска институција, да ги усогласат со работата и интересите на институцијата во која се во постојан работен однос.

Тие се должни да водат сметка за можен конфликт на интереси и (не)усkладеност на своите јавни функции и приватни ангажирања со академскиот статус.

**Член 20**

Најгруби повреди на академското однесување се: неприфатливи облици на лобирање, уцена, притисок, протекционизам, мито, корупција и сите други облици на нечесни влијанија, кои водат кон кршење на стручните критериуми и стандарди во вршење на академските задачи.

**Член 21**

Во извршување на своите секојдневни работни задачи и активности вработените на Универзитетот користат ИТ опрема, електронска пошта и интернет,

при што треба да бидат свесни дека контактот остварен со користење на електронската пошта, интернет адресата и доменот регистриран на име на Универзитетот создава впечаток дека таквиот пристап го изразува официјалниот став на. Од овие причини, а со цел да се заштити кредибилитетот на академската заедница на Универзитетот , ИТ опремата не треба да се користи за:

- инсталирање и користење на компјутерски игри, како и апликации кои не се потребни за извршување на работните задачи;
- печатење и скенирање на приватни документи, слики, други материјали и информации;
- снимање на податоци (документи, слики, мултимедиски и слично) за приватни цели на преносни мемориски уреди (CD, DVD и слично);
- праќање на приватни електронски пораки од службената електронска адреса на Универзитетот;
- пребарување, пристап и печатење на текстуални, графички и мултимедијални информации кои ги преминуваат општо усвоените стандарди на добар вкус и етика;
- служење со „он-лајн" игри, тестови и други забавни содржини (филмови, спотови, музика и сл.), како носители на потенцијални опасности за сигурноста на компјутерските системи на Универзитетот и забавување на брзината на Интернетот;
- извршување на какви било незаконски активности или активности кои на кој било начин би наштетиле на угледот на Универзитетот и ги прекршуваат етичките норми на однесување на вработените;
- извршување на приватни активности, како што се купување на стока и примање на услуги „он-лајн", продажба на стока, давање на услуги и рекламирање на истите;
- вклучување во која било активност на политичко лобирање, промовирање на политички партии, собирање средства за исти и останати политички активности;
- ширење на нетрпеливост по расна, национална, верска, политичка и друга основа.

Вработените на Универзитетот се посебно одговорни и за:

- рационално користење на ИТ опремата и интернет пристапот;
- придржување на сигурносната политика и процедура во користењето на ИТ опремата,
- електронската пошта и интернет сервисот,
- воздржување од која било постапка која може да ги загрози компјутерските системи и податоците на Универзитетот;
- однесувањето при Интернет комуникацијата, затоа што вработениот го претставува угледот на Универзитетот, дури и кога го користи Интернетот за приватни цели.

**Член 22**

Вработените се должни да го почитуваат работното време на Универзитетот, кое е утврдено со Решение од Управниот одбор.

Евиденцијата за присуството и отсуството од работното место се врши електронски, со картички за идентификација, при што доцнење и предвремено напуштање на работното место, неоправдано отсуство, користење на пауза, подолго и надвор од предвидениот термин за користење, се сметаат за дисциплинска неуредност и влијаат на квалитетот на извршување на работните задачи, како и на нарушување на угледот на Универзитетот.

**Член 23**

Заради заштита на здравјето на вработените и на студентите во работните простории и во просториите на универзитетот пушењето е забрането, освен во простории кои се наменети за тоа (доколку ги има такви).

**Однос кон окружувањето**

**Член 24**

Наставниците, соработниците и истражувачите учествуваат во општествениот живот како и сите граѓани, но должни се личните ангажмани да ги усогласат со обврските спрема студентите, наставата и интересите на академската институција.

Кога истапуваат како приватни лица должни се да создадат впечаток дека не истапуваат во име на своите колеги од академската институција. Тие не смеат да го злоупотребуваат својот академски статус и авторитет поради постигнување на лични, семејни или политички интереси.

**Член 25**

Поради почитување на етичките норми утврдени со овој Кодекс, наставниците, соработниците и истражувачите се обврзуваат својата целокупна работа да ја вршат во склад со законот и нормативните акти на Универзитетот.

**Член 26**

Наставниците, соработниците и истражувачите на Универзитетот се обврзуваат доследно и во целина да ги почитуваат нормите утврдени со овој Кодекс.

**Член 27**

Кодексот се усвојува на седница на Универзитетскиот сенат, со консензус и најмалку со двотретинско мнозинство на гласови.

Измени и дополнувања на Кодексот се вршат на истиот начин како што е донесен. Иницијатива за измена и дополнување може да поднесат најмалку десет наставници, соработници и истражувачи од Универзитетот.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 28**

Автентично толкување на одредбите од овој Кодекс дава Универзитетскиот сенат.

**Член 29**

За измени и доплонувања на Кодексот се спроведува постапка иста како и при негово донесување.

**Член 30**

Кодексот стапува на сила со денот на неговото усвојување, од страна на Универзитетскиот сенат.

Претседател на Универзитетски сенат:
Вонр.проф.д-р Љупчо Сотироски